


**ВО ПРЕСПА КАКО ДОМА**

Објавените 35 продолженија во порталот „Македонска нација“ се дел од монографијата „Ореолот на Дева Марија и Света Богородица Слимничка во Преспа” чиј автори се д-р Вера Стојчевска-Антиќ и публицистот Славе Николовски-Катин, а е посветена на дел од вистината за Дева Марија. Во книгата е пренесен култот на Дева Марија проследен со текстови од многу книги посветени на нејзиниот живот. Оваа значајна и по многу нешта единствено дело е исто така посветено на Пресветата Дева Марија и на Слимничкиот манастир изграден во 1607 година, кој одбележа 410 години од своето постоење, како и текстови за етничка Преспа.

Инаку, автори на оваа монографија се Вера Стојчевска Антиќ и Славе Катин. Д-р Вера Антиќ е историчар на книжевноста и на книжевната теорија. Родена е во Битола на 10 август 1939 година. Основно и средно образование завршила во родниот град. Дипломирала во 1963 година на Филолошкиот факултет во Скопје, при Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Во 1968 година била избрана при истиот Факултет за асистент. Во 1974 година докторирала на тема од областа на средновековната македонска книжевност, за зборникот „Тиквешки ракопис“ од 15-от век. Во редовните законски периоди била избрана за доцент, потоа за вонреден и редовен професор.



*Дел од Преспанското Езеро*

Вера Стојчевска Антиќ по докторирањето била избрана за шеф на Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во 1980 година била избрана како прв директор на Институтот за македонска литература, во основање, во Скопје. Во 1988 година Вера Антиќ е избрана за проректор за меѓународна соработка при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје. Во 1989 година била гостин на Владата на САД, а потоа била избрана од САД и Р. Македонија за координатор за македонсистика во САД.

Во овој период организирала повеќе научни конференции и средби за македонистика во САД: Ен Арбор (Мичиген), Феникс (Аризона), Вашингтон, Њујорк, Њу Џерси, Торонто (Канада), Филаделфија. За целокупната дејност беше наградена од Американската славистичка асоцијација и Универзитетот Охајо со Црвена палкета за извореден успех на македонистиката во САД. Била примена во Американската славистичка социојација за прв нејзин член од Р. Македонија.

Вториот автор на оваа монографија Славе Кати, пак, не припаѓа на политичка партија, но е голем вљубеник во својата родна Преспа, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во македонската дијаспора. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите бројни публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно на етничка Македонија и на животот на Македонците во светот. Исто така, неговата работа се однесува и на низа други аспекти поврзани со македонската дијаспора, како и со културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и религијата. Тој е автор на педесет и пет публикации, на стотина научни трудови презентирани на различни симпозиуми и други собири, како и на преку 3.000 новинарски текстови објавени во Македонија и во светот.



